РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 17-290/7
17.06.2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09, 115/10, 51/11, 17/11, 123/12, 15/13 и 24/13), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ на 16 седница одржана на 24.01.2013 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиски програми од втор циклус студии на Факултет за безбедносно инженерство при Приватна високообразовна установа, Меѓународен Славјански универзитет „Г.Р Државин" - Св. Николе**

1. Се акредитираат следните студиски програми од втор циклус студии на Факултет за безбедносно инженерство, Приватна високообразовна установа, Меѓународен Славјански универзитет „Г.Р Државин" - Св. Николе согласно Законот за високото образование:

- Безбедност при работа, едногодишни и двегодишни студи;

- Безбедност од пожар, едногодишни и двегодишни студии.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Факултет за безбедносно инженерство, Приватна високообразовна установа, Меѓународен Славјански институт „Г.Р Државин" - Св. Николе, кој со Решение бр.17-391/3 од 10.01.2013 година, издадено од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, се трансформира во Меѓународен Славјански универзитет „Г.Р. Државин" - Св. Николе, по претходно донесената одлука на Наставно - научниот совет за давање согласност за измени и дополнувања на студиските програми од втор циклус студии согласно измените во Законот за високото образование, на 03.09.2012 година, до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование достави елаборати со предлози за акредитација на студиски програми од точка 1 на ова решение.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на својата 12 седница одржана на 12.09.2012 година формира експертска комисија за оценка на доставените предлози, а на својата 16. седница одржана на 24.01.2013 година, врз основа на доставените елаборати и извештај на експертската комисија, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Михаил Петковски